# Закон за изменување и дополнување на Законот за лековите и медицинските средства

**Член 1**

Во Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ број 106/2007, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11, 11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15 и 7/16), во членот 4-а точка 5) во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „или“.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со сврзникот „и“.

Алинејата 6 се брише.

**Член 2**

Во членот 69 ставови 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24 се бришат.

**Член 3**

Во членот 76 ставови 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23 се бришат.

**Член 4**

Во членот 80 ставови 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24 се бришат.

**Член 5**

Во членот 80-а став 4 зборовите: „Директорот на“ се бришат.

Ставовите 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17,18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25 се бришат.

Ставовите 26, 27, 28, 29 и 30 стануваат ставови 8, 9, 10, 11 и 12.

**Член 6**

Во членот 81 став 9 зборовите: „директорот на“ се бришат.

**Член 7**

Во членот 105 став 4 зборовите: „директорот на“ се бришат.

**Член 8**

Во членот 131-а став 4 зборовите: „Директорот на“ се бришат.

Ставовите 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25 се бришат.

Ставовите 26, 27 и 28 стануваат ставови 7, 8 и 9.

**Член 9**

Во член 155-б по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:
„Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во Агенцијата кое ја води постапката ако не одлучи во роковите утврдени во член 69 став 3, член 76 став 2, член 80 став 3, член 80-а ставови 4 и 7 и член 131-а ставови 4 и 6 од овој закон."

**Член 10**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 11**

Одредбите од членовите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**Член 12**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".